Со тоа и парцела бр.1, КП208/2, ќе биде дел од овој инфраструктутен зафат.

### Фекална канализациона мрежа

Примарната фекална канализациона мрежа ќе биде изведена од цевки со минимален пречник од 300 мм и истите се дефинирани зависно од расположивите теренски услови (падови на улиците).

На канализаицоната мрежа ќе се изведат ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.

Фекалната канализациона мрежа ќе се приклучи на градската колекторска канализациона мрежа на град Штип.

### Атмосферска канализациона мрежа

Количина на атмосферска отпадна вода

За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 120 л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.

$Q_{атм} = F \times \psi \times q_и$

$Q_{атм} = 2.5 \times 0,5 \times 120 = 150,0$ л/сек

$F = 2.5$ ха припадна сливна површина

$\psi = 0,5$ коефициент на истекување

$q_и = 120$ л/сек/ха специфично истекување

Примарната атмосферска канализација ќе биде изведена од цевки со минимален пречник од 400 мм. На атмосферската канализација ќе бидат

изведени ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.

Атмосферските води овој поширок процтор ќе се испуштаат во планираната колекторска атмосферска канализациона мрежа од 800 мм во постојниот инфраструктурен коридор , приклучена во југо-источниот дел од планскиот опфат во постојниот колекторски систем.

- ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ПТТ ИНФРАСТРУКТУРА

**Електроенергетска мрежа и јавно осветлување**

Во границите на планираниот плански опфат каде што со планскиот концепт се предвидени следните класи на намени:

**-Г производство, дистрибуција и сервиси**

- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија,
- Г3 - сервиси
- Г4 - стоваришта,

**-Е инфраструктура**

- Е1 - комунална инфраструктура, - сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и сл.
- Е2 - комунална супраструктура, - планирани трафостаници,

**Како компатибилни класи на намени Г2**, со максимална застапеност од 30%

- Б1 - мали комерцијални дејности
- Г3 - сервиси,

**Како компатибилни класи на намени Г3**, со максимална застапеност од 30%

- Б1 - мали комерцијални дејности
- Б2 - големи трговски единици
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г4 - стоваришта,

**Како компатибилни класи на намени Г4**, со максимална застапеност од 30%

- Б1 - мали комерцијални дејности
- Б2 - големи трговски единици
- Б4 - деловни простори,
- Г3 - сервиси

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени на основната класа на намена во границите на дозволениот процент (%) на учество на единичната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот.

Со планските решенија во делот на електро енергетската инфраструктура се предвидува:

Со реализација на овој план и со реализација на предвидените градби, како и во зависност од технолошкиот процес, потребите за снабдување со електрична енергија ќе се решава со ново планирана трафостаница предводена во градбата, во кој ќе бидат сместени една или две трафо единици од по 630kVA.

Приклучок на новата трафостаница ќе биде од постојната дистрибутивната мрежа со помош на 20(10)kV електрокабли кои ќе бидат поставени во тротоар на сообраќајниците.



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *

Дефинирањето на нисконапонската мрежа не е предмет на ова планска документација.

**Телефонска мрежа**

За сите објекти од урбаниот блок потребно да се обезбеди соодветна телефонска мрежа. Бројот на телефонските корисници зависен е од намената на површините, а во овој случај предвидено е да се обезбеди телефонски приклучок се секој производствен и канцелариски простор. Со тоа за корисникот, опфатен со овој план, ќе биде потребно да се изгради телефонска мрежа со 6 телефонски приклучоци.

Приклучок на новите корисници ќе биде од постојната примарна телефонска мрежа на град Штип, со подземни телефонски кабли.

## 7. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### 7.1. Плански мерки за заштита на животната средина

Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење не постојат објекти од таков вид кои би влијаеле на загрозување на животната средина.

Во однос на реализацијата на системот на заштита на животната средина при планирањето треба да се почитува Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.весник на РМ бр.74/05).

Правото на граѓаните да им се овозможи чиста и здрава животна средина е должност на Општината, како и на сите правни и физички лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина.

При утврдување на потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, врз основа на проект, земајќи ја во предвид чувствителноста на животната средина во географските подрачја за коишто постои веројатност дека ќе бидат засегнати со проектот, е должен да води сметка за: -постојна и планирана намена на градежнот земјиште.

- изобилство, квалитетот и регенеративниот капацитет на природните ресурси во подрачјето, и/или
- апсорпциски капацитет на животната средина.

Грижата за здрава и чиста животна средина е во функција на задоволување на потрбите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без при тоа да се загрозат правата на идните генерации.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки** и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одделни области на животната средина.

Оцена на влијанието врз животната средина е процена на можните влијанија на одредени плански документи, проекти и планирани активности врз животната средина.

За поефикасно да се следи состојбата се врши Мониторинг на животната средина преку:

Систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата и областите на животната средина.

Заради управување со податоците за состојбата на животната средина потребно е да се воспостави **Информативен систем** за животна средина. Тој има за цел да обезбеди база на релевантни податоци-сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбата на природата, состојбата, квалитетот и за трендовите во сите медиуми и области на животната средина, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање.

Со законот за животна средина, се препорачува изготвување на **Регистар на** загадувачките материи и супстанции и нивните карактеристики. Правните и физички лица се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржувањето на регистарот.

**Катастарот за животната средина** ги вклучува во себе Катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, Катастарот на создавачи на бучава, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја и други катастари утврдени со посебни закони.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната организација на урбаниот опфат.

Со систем на планирање во рамките на заштитата на животната средина се насочува и усогласува реализирањето на економските, техничките, научните, образовните организациските и на другите мерки и активности, како и на мерките за спроведување на обврските, со цел да се заштити и унапреди животната средина и да се обезбеди одржлив развој.

Плански документи за заштита на животната средина кои се носат се Акциони планови. Постојат Национален акционен план за животна средина, Локални акциони планови.

**Локалните акциони планови** за животна средина, врз основа на оцената за степенот на загаденост на животната средина во дадено подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето,од интерес и во надлежност на општината и тоа:

- Заштита на воздухот од загадувањеи за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалувања на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и други дејности и активности.
- Урбан развој и просторно планирање;
- Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * ШТИП

- Управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина
- Последиците од економскиот развој врз животната средина и
- Надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

## 7.2. Културно наследство и природни реткости

На предметниот простор **не се регистрирани** постојни споменички целини и градби од недвижното културно историско наследство или природно наслество. Согласно одредбата од член 65, став 1, од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр.2/04), инвеститорот е должен доколку наиде на остатоци од културно наследство да ги запре градежните активности и ја извести НУ Завод и Музеј Штип.
Врз основа на одредени критериуми и валоризација на просторот на подрачјето на планскиот опфат на предметниот ДУП, не се утврдени објекти или предели кои се сметаат за природни богатства и како такви треба да бидат ставени под посебен вид на заштита.

## 7.3. Мерки за заштита и спасување

Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со закон за Заштита и спасување (Сл. Весник на РМ36/04, 49/04 и 86/08).
Изработката на Измена и дополна на ДУП во рамките на една парцела бр.1, К.П.208/2 Штип, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на **Проценката на загрозеноста** на опфатот на кој се однесува предметниот детален урбанистички план во индустриска зона - Штип.
Системот за заштита и спасување се остварува преку:
- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- Одредување и изведувањена заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епи-фитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и

- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии и епифитотии и други несреќи.

Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување.

Планот го донесува Советот на Општината.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- Во проектите за објекти и технолошко процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзините деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објекти и инфраструктура.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително треба да се обезбеди:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмчки дејства;
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи;
- Обезбедување на противпожарни пречки;
- Изградба на објекти за заштита;
- Изградба на потребна инфраструктра.

Мерки за заштита и спасување се;

- Евакуација;
- Засолнување;
- Згрижување на настраданото и загрозено население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари;
- Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и растенија и производи од нивно потелко;
- Асанација на теренот;

Други мерки за заштита и спасување што би се појавиле за време и по природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

### 7.4. Мерки за заштита од пожар

Мерките за заштита од пожари се пропишани согласно Законот за заштита и спасување (Сл.Весник 36/04, 49/04 и 86/08) и Законот за пожарникарство (Сл.Весник 67/04)

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- Сообраќајна инфраструктура со нивелманско решение и со проектни елементи на улиците;

- Заштитни појаси помеѓу одделни класи на наменска употреба на земјиштето;
- Елементи на партерот, како потпорни ѕидови, огради, ормарчиња за електро, односно телекомуникациски инсталации, насади и други партерни елементи, како бариери за движење и интервенција на ПП-возилата;
- Надворешна хидрантска мрежа;
- Водење на друга инфраструктурна мрежа.
- Да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Во случај на пожар планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат непречена интервенција на противпожарни возила.
Запазени се растојанијата на улиците до објектите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата.
Предвидена е надворешна хидрантска мрежа околу објектите, а нејзината поставка е во согласност со ПП норми и стандарди.
Водење на другата инфраструктура е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

### 7.5. Мерки за заштита од воени разурнувања

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија.
Во случај на воени разурнувања планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- Штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од аспект на заштита од воени разурнувања.
Не се очекува затрупување на улиците со урнатини бидејќи градбите се доволно одалечени од улиците.
Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и нивно оштетување.
Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на Основниот проект, посебно за секој објект или комплекс од градби.
Се предвидува изградба на засолниште во рамките на секоја градежна парцела за свои потреби, при точно утврдени параметри и нормативни услови за димензионирање на засолништето, што ќе произлезат од идејниот проект за секој поединечен објект или комплекс од градби.
Потребните капацитети на објектите за заштита се определуваат во зависност од површината, видот и намената на инвестициониот објект. Минимум едно засолнишно место се определува на секои:

- 15м$^2$ површина за јавни објекти

- $20м^2$ корисна површина за деловни, занаетчиски и угостителски објекти.
- $30м^2$ корисна површина на школи, градинки и други објекти.
- $45м^2$ корисна површина за станбени објекти и др.

### 7.6. Мерки за заштита од природни катастрофи

Земјотрес со поголем интензитет е можна природна катастрофа на овој локалитет. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција. Во случај на можни разурнувања, планските мерки на уличната мрежа овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- Штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.
Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборате за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот проект.

### 7.7. Плански мерки за создавање услови за движење за хендикепирани лица.

Се предвидуваат следните плански мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизираните и хендикепирани лица

- јавните пешачки површини, улици, пристапите до објектите, мора да се планирани и изведени на начин, кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или колички и други помагала (звучни сигнали и светлосни сигнали и сл.)
- за совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи. За рампи се сметаат цврста, израмнета, рапава површина која поврзува две различни висини со наклон 1:20 (5%) со минимална широчина на рампата од 1,30м, со заштитна ограда од 0,90м.
- сите жардињери за цвеќе, украсни огради и други елементи не смеат да го спречуваат или отежнуваат движењето на инвалидизираните лица по пешачките патеки-тротоари.

## 8. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Процесот на урбанизација на просторот се одвива во општествено економски услови во кои иницијатива за обезбедување на нов простор работа, значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен развој. Во тој контекс, иницијативата и инвестициите за изградба на зона за работа со висок стандард (каков што е изградениот дел), би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз непосредното окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти преку новопланираните содржини.
Фактори кои овозможуваат економска оправданост за изработка и понатамошна побрза реализација на планот се:

Конфигурацијата на теренот: рамен терен;



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП

Градежното земјиште е изградено, со уредена инфраструктура, која би се само надградила за да се стават во функција новопланираните содржини;

Уличната мрежа - идустриската улица (по ГУП за град Штип) што го дефинираат Измена и дополнување на ДУП во рамките на една парцела, индустриска зона се реализирани до одреден степен. Истите на се граница на урбаниот опфат;

Инфраструктурата (водовод, канализација, атмосферска канализација, електрика како и телефонски инсталации) е изведена, бидејќи во планскиот опфат има изградени објекти кои беспрекорно функционираат.

Планскиот концепт предвидува урбанистичко планирање на просторот со основна цел:

- да обезбеди уредување на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат квалитетната работна култура кај корисниците;
- сукцесивно зголемување на стекнатите права во однос на сопственоста на објектите и градежното земјиште;
- со плански одредби да ја зголеми вредноста на земјиштето и недвижнините.

Измена и дополнување на ДУП во рамките на една парцела, бр.1 КП-208/2 индустриска зона - Штип, со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат поголем степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок степен во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот.

Исто така ќе има и повратни ефекти од економски аспект, а тоа е нови вработувања, одреден приход од корисниците и сл.

## 9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за површината на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно изготвување на решение за локациски услови.

**граница на плански опфат**, планска одредба со која се уредува границата на градежното земјиште за ДУП во рамките на една парцела, индустриска зона во Штип. Измена и дополна на ДУП во рамките на една парцела бр.1, КП208/1, Штип. Измена и дополна на ДУП во рамките на една парцела бр.1, КП208/1, индустриска зона во Штип, согласно ГУП за град Штип, со својата местоположба припаѓа на работна зона "Север". Границата на планскиот опфат е уредена со планска одредба во ГУП за град Штип, а согласно член 6, став 2 и член 7, од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 142/10 и бр.64/11) се уточнува и спроведува со планска одредба во предметниот Детален урбанистички план, индустриска зона во Штип.

Планскиот опфат на предметниот ДУП е со следните граници:

- Северната граница оди по јужната граница на КП208/4; КП207/1; 153/1 и КП201(улица);
- Западната граница оди по источната граница на КП153/1 и 208/1;
- Јужната граница оди по северните граници на КП209 и КП208/3;

- Источната граница оди по западната граница на КП 204/1; КП205/15; КП204/2; КП208/4 и КП209/11;

Вкупната површина на планскиот опфат за кој се изработува деталниот урбанистички план изнесува 2,49 хектари.

**- граница на градежна парцела** е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

**- максимална височина на објектите**

Максимално дозволената височина на градбите е формулирана како условена планска одредба (12,0м и 15,0м) која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот (во најчест случај се работи за условеност од технолошкиот процес).

Од максимално дозволената височина и површина за градење произлегуваат потребите за паркирање кои ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градење.

**- процент на изграденост на земјиштето (Р)**

- урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Пресметан е на ниво на КП-208/2 изнесува: 59,8%;

**- коефициент на искористеност на земјиштето (К)**

- урбанистичка величина која ја покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Пресметан е на ниво на ДУП во рамките на една парцела бр.1, КП-208/2 и изнесува: 1,0;

**- комунална инфраструктура**

За градбите и водовите на комуналните инфраструктурни системи планирани на градежното земјиште во планскиот опфат за кој е предвиден овој Измена и дополна на ДУП во рамките на една парцела, КП-208/2 Штип, индустриска зона Штип, при реализација на планот, приклучувањата ќе се изведуваат во согласност со условите што ги пропишуваат соодветните правни субјекти што стопанисуваат со нив.

## 10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Во границите на планскиот опфат за кој се изработува предметниот Измена и дополна на ДУП во рамките на една парцела, КП-208/2 Штип, индустриска зона Штип, ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за секоја урбанистичка единица на градежно земјиште, во случајот градежна парцела чии што граници се утврдени во планот:

**- намена на земјиштето**

Намената на градежното земјиште во рамките на планскиот опфат се уредува на ниво на градежна парцела, оформена во ДУП, а предвидена со ГУП за град Штип.



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ШТИП

**- градежна линија**
-планска одредба од графичкиот дел на планот која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
Во графичките прилози е дадена градежната линија која дава површина за градење на која може да се гради, но не и површина која целата ќе може да се изгради.

**- површина за градење**
-планска одредба од графичкиот дел на планот со која во предметниот план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.
Кај градежните парцели со утврден простор, ограничен со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост, истите треба да се разработат со архитектонско-урбанистички проект.

**- височина на градење**
-планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.
- За одредени градби, максимално дозволената височина на градбите е формулирана како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот (во најчест случај се работи за условеност од технолошкиот процес и обезбедување на потребниот број на паркинг места).
- При одредувањето на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови, па височината по правило се задржува или зголемува.

**- височина на слеме**
- планска одредба со која се утврдува највисоката точка на кровната конструкција и за истат треба да се почитува чл. 46, став 4.

**- максимална височина на нултата плоча**
- со урбанистичкиот план се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот (тротоарот).
- како кота со апсолутна вредност ќе биде прикажана во графичкиот прилог "Нивелациски план" од урбанистичкиот план.
- за класа на намена Г котата на нулта плоча е подигната за 120см. од котата на тротоарот, заради технолошкиот процес, т.е. со оваа висина се даваат услови објектот да има рампа за утовар и истовар на стока. Точната кота на нулта плоча ќе се одреди со архитектонско урбанистички проект, во согласност со технолошкиот процес.

### 10.1. Г- производство, дистрибуција и сервиси

**Класа на намена Г-2** лесна и незагадувачка индустрија
Со Измена и дополнување на ДУП на во рамките на една парцела бр.1,КП-208/2, индустриска зона Штип, предвидени градби со по четири фасади со

отвори. При тоа да се почитува - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 142/10 и бр.64/11).
- дозволената височина на градење (Н) - 15,0м.
Како ***компатибилна намена*** на основната класа на намена се планира:
- Б1- мали комерцијални и деловни намени
- Б2- големи трговски единици
- Г3- сервиси
- со максимален дозволен процент за сите планирани компатибилни намени 30%, во однос на основната класа на намената во планот.

**Класа на намена Г-3** сервиси
Со Измена и дополнување на ДУП на во рамките на една парцела бр.1,КП-208/2, индустриска зона Штип, предвидени градби со по четири фасади со отвори. При тоа да се почитува - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 142/10 и бр.64/11).
- дозволената височина на градење (Н) - 15,0м.

Како компатибилни класи на намени Г3, со максимална застапеност од 30%
- Б1 - мали комерцијални дејности
- Б2 - големи трговски единици
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г4 - стоваришта,

**Класа на намена Г-4** стоваришта
Со Измена и дополнување на ДУП во рамките на една парцела бр.1, КП-208/2, индустриска зона Штип, предвидени градби со по четири фасади со отвори. При тоа да се почитува - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 142/10 и бр.64/11).
- дозволената височина на градење (Н) - 15,0м
Како ***компатибилна намена*** на основната класа на намена се планира:
- Б1- мали комерцијални и деловни намени
- Б4- деловни простори,
- Г3- сервиси
- со максимален дозволен процент за сите планирани компатибилни намени 30%, во однос на основната класа на намената во планот.
- **уредување на градежната парцела: со изработка на архитектонско урбанистички проект. При изработка на архитектонско-урбанистички проект ќе се определи и основната класа на намена за која ќе се предвидат компатибилни класи на намена.**

10.2. **Паркирање и гаражирање**

Согласно член 61, став 4. од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10 и 64/11), потребниот број на паркинг места во согласност со намената на земјиштето и градбите и нивната големина како услов за градење согласно следните нормативи:
Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градење.

**Г1,Г2, Г3 и Г4 -** производство, дистрибуција и сервиси

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите за градба и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена
За компатибилните класи на намена паркирањето се планира согласно член 61, став од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10 и бр.64/11),
**Б1**- мали комерцијални и деловни намени:
-1паркинг место за на 60м$^2$ од вкупно изградената површина
**Б2** - големи трговски единици
-1паркинг место за на 70м$^2$ од вкупно изградената површина
**Б4** -деловни дејности:
-1паркинг место за на 60м$^2$ од вкупно изградената површина
Планските решенија на внатрешниот (во градежната парцела) динамичен и стационарен сообраќај ќе бидат предмет на Проектното решение на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај како дел од архитектонско урбанистичкиот проект од член 51 став 1 од - Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11).
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр.78/06; 142/10 и 64/11).

Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр.142/10 и 64/11), 3% од вкупниот број места за паркирање треба да бидат предвидени за инвалидизирани лица.

## 11.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

### 11.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Нумерички показатели на ниво на градежна парцела

| Основна класа на намена | Компатибил. класа на намена | Површина на град. парцела м$^2$ | Површ. за градењ м$^2$ | Max. Вис. од венец до слеме м | Max.(H) висина до венец м | Развиена површина м$^2$ | Број на парк. места | Проц. на изгр. % | Коеф на искор. К |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Г2 | Б1-макс. Б2-макс. Г3-макс. макс. 30% | | | | | | | | |
| Г3 | Б1-макс. Б2-макс. Г2-макс. Г4-макс. Макс.30% | | | | | | | | |
| Г4 | Б1-макс. Б4-макс. Г3-макс. макс. 30% | 24.920,00 | 14.890,0 | 4,5 | 15,0 | 24.798,0 | По чл.61 | 59,8% | 1,00 |

### 11.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Класи на намена | | Намена на градежното земјиште | | Површина м$^2$ | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|
| Г | Г2,Г3,Г4 | Лесна и незагадувачка инд., сервиси и стоваришта | | 12.607,55 | 50,59% |
| | Г4 | Стоваришта | Изградено | 2.492,00 | 10,62% |
| | | Дворно место | | 9.665,81 | 38,79% |
| | | В К У П Н О: | | 24.798,0 | 100% |

## 11.3. ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Водовод**

На просторот што го зафаќа предметниот ДУП водоснабдувањето на планираните градби се обезбедува преку примарна водоводна мрежа од цевки ф 80мм и ф110мм поставени по планираната улична мрежа на ниво на плански опфат.

Во непосредна близина на планскиот опфат, поминува дел од водоводна инсталација Бобо-Комерц Ф 250, на која е приклучен корисникот.

Секундарната водоводна мрежа ќе биде дефинирана со идејните проекти за секоја градба посебно.

**Фекална и атмосферска канализација**

На просторот што го зафаќа предметниот ДУП, одводот на фекалните и атмосферските води ќе се врши преку ново планираната канализациона мрежа со пречник од мин. Ф 300мм за фекалната канализација односно.

Атмосферските води за планскиот опфат ќе се испуштаат во планираната колекторска атмосферска канализациона мрежа од 800 мм дислоцирана од постојниот инфраструктурен коридор и поставена по индустиските улици во меѓусебн договор со Ј.П. Исар, приклучена надвор од планскиот опфат во постојниот колекторски систем.

Секундарната канализациона мрежа ќе биде дефинирана со архитектонско урбанистичките за секоја градежна парцела посебно.

9. **Процент на изграденост** на ниво на градежна парцела.
- Р-59,8%.

10. **Коефициент на искористување** на ниво на градежна парцела.
- К-1,00.

## 11.4. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА УЛИЦИ И КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

ул. В - СЕРВИСНА УЛИЦА ПРОФИЛ 1-1




ул. Г - ИНДУСТРИСКА УЛИЦА ПРОФИЛ 2-2



# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

# УРБАНИСТИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

### Општи информации

Овој Урбанистички проект е изработен согласно член 58 став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20) и член 52, 59, 60 и 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22).

**ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА** од инвеститорот и **Извод од ДУП: ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП,** Издаден од Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина со бр. 18-6248/2, **претставуваат основа за изготвување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП**

## Извод од ДУП: ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

Со одлука број 07-3167/1 од 03.05.2012 год. беше одобрен ДУП: **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП** од страна на сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина ОПШТИНА ШТИП.

Врз база на Извод од ДУП: **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП**, изработен е овој УП со намена **НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП**

**208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП**, согласно развојните планови на сопственикот (инвеститорот).

## 1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Согласно барањата на инвеститорот во ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА, предмет на овој документ е Изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП**

За изработка на урбанистички проект инвеститорот изработи Проектна програма (во прилог на овој документ) во која се посочуваат основни определби за уредување на водови за пренос на ел. енергија - подземен 10/20кв вод, согласно член 58 став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20) со кој се спроведува урбанистичкиот план во чиј плански опфат се појавува потреба од изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП** и начинот на одвивање на активностите и дејностите во градежната парцела.

Проектната програма на инвеститорот е документ врз основа на кој е изработен овој УП

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22).

## 2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

При изработката на урбанистички проект со намена **Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП**, извршена е инвентаризација на предметниот простор. Опфатот е дефиниран во склоп на ГП 1.

Во планираниот опфат кој опфаќа **ДЕЛ од ГП 1 ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2** УП не се евидентирани надземни градби.

**Сообраќај и комуналана инфраструктура**

Анализата на постојната состојба покажа дека новопланираниот проектен опфат во одредени делови минува во тротоарот, а на делови трасата е планиран во слободниот простор од градежната парцела.

**Податоци и информации од институции**

***ЈП " ИСАР "***

Согласно добиените податоци од ЈП " ИСАР " (допис бр. 15-157 од 18.05.2022 година) констатирано е дека **има постоечка мрежа во околината на проектниот опфат**.

Во дописот се напоменува дека во проектниот опфат може да се планира без посебни ограничувања. Бидејки во проектниот опфат подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање.

***ЈАВНО ПРЕТРПИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА***

Согласно добиените податоци од ЈП ДП (допис бр. 10-4920/2 од 18.05.2022 година), во проектниот опфат не поминува државен пат за кој е надлежно Јавното претпријатие за државни патишта.

***ЕВН Скопје***

Согласно добиените податоци од ЕВН (допис бр. 10-26/3-224 од 23.05.2022 година) во околината на проектниот опфат **постои 10(20) kV подземна мрежа.** Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

***Дирекција за заштита и спасување***

Согласно добиените податоци од ДЗС Штип (допис бр. 09-89/2 од 13.05.2021 година) наведени се услови кои треба да се вградат при изработка на урбанистички проект за инфраструктура. Откако ќе се разработат и вградат условите за заштита и спасување во урбанистичката документација истата да се достави до дирекцијата за заштита и спасување подрачно одделение за -Штип, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

***МЕПСО***

Согласно добиените податоци од МЕПСО (допис бр. 11-2808/1 од 18.05.2022 година) е констатирано дека проектниот опфат **не се пресекува** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

**ЈП хидросистем „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП**

Согласно добиените податоци од ЈП хидросистем „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП, (допис бр. 03-78/16 од 13.05.2022 година) во и околу проектниот опфат нема подземни инсталации во сопственост на ЈП хидросистем „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП

***АЕК***

Согласно добиените податоци од АЕК (допис бр. 0302-101/22 од 12.05.2022 година) доставени се податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации и истите се преклопени во графичките прилози од урбанистичката документација.

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект се наоѓа во опфатот на ДУП: **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП** во склоп на ГП 1 и истиот е со намена Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД .

Целта на изработката на УП-то е дефинирање на позиција за бетонска трафостанива и траса за кабелски приклучен 10/20кВ вод , со почитување на: важечкиот ДУП: **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП**, потребата на Инвеститорот и **согласно член 58 став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20).**

Документацијата ќе биде изработена според новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е. Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ. Бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22). Сите поединечни елементи ќе содржат тексуален дел со билансни показатели за постојната и проектната состојба како и потребните графички прилози.

**Површината на проектниот опфат изнесува 212 м2.**

Проектниот опфат е дефиниран од површинта за изградба на ТС и кабелски вод со заштитен појас за приклучување на новопланираната трафостаница во постојната дистрибутивна мрежа .

Просторна единица на намената на земјиштето е дефинирана согласно дејностите и активностите кои се планирани да се случуваат на земјиштето, потребите на инвеститорот и согласно дозволените можности на Законот и Правилникот за урбанистичко планирање.

Намената на новоформираниот опфат во целост е класифицирана со намена Е1.8 водови за пренос на електрична енергија.

Проектниот опфат е дефиниран во склоп на ГП 1 од ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП. Трасата на инфраструктурниот вод е дефиниран со инфраструктурна градежна линија а површината за изградба на

трафостаницата е дефинирана со градежна линија и истата влегува во зоната за градба дефинирана со ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП за ГП 1.

Согласно барањата на инвеститорот со овој УП , согласно член 58 став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), во проектниот опфат треба да се обезбедат услови за поставување БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИВА и нов среднонапонски кабел 10(20)кВ со основна класа на намена Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД до истата, а се во согласност со податоците од ДУП: ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

Новопланираната бетонска трафостаница е планирана во зона за градба во склоп на ГП 1 . Трасата за среднонапонскиот вод е планирана од бетонската трафостаница до приклучната точка дефинирана согласно насоките од надлежните институции

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 212 м2, а должината на трасата е 36,5м1.

| УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА - ПОДЗЕМЕН 10/20КВ ВОД И БЕТОНСКА ТС ВО СКЛОП НА ГП 1 ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ВО РАМКИ НА ЕДНА ПАРЦЕЛА БР. 1, КП 208/2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ | | | | | |
| Ред. Бр | Класификација на намена | | Компатибилна класа на намена | Максимална висина на венец (м1) | површина - м2 | Должина на инфраструктурна градежна линија (м1) |
| 1 | Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | Е1.8 СРЕДНОНАПОНСКИ 10(20)кВ ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД | / | ПОДЗЕМЕН ВОД | 187 | 36,5 |
| 2 | Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | Е1.8 ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА | / | 5м | 25 | / |
| | | | | ВКУПНО | 212.00 | 36.5 |

**Табела бр. 1**

Во табела 1 се прикажани нумеричките податоци за проектниот опфат согласно Урбанистичкиот проект .

**- УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

**ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НОВОПРОЕКТИРАНА СИТУАЦИЈА**

Постојните инсталации за водовод и канализација добиени од ЈП Исар не се пресекуваат со новопланираната траса и нејзиниот проектен опфат. Поради специфичноста на урбанистичко проектната документација за предметниот проектен опфат нема потреба од планирање на нови водови за водоводна и канализациона инфраструктура.

Согласно податоците и информациите од ХС Злетовица во и околу планскиот опфат нема инсталации восопственост на ХС Злетовица.

## НОВОПРОЕКТИРАНА СИТУАЦИЈА ЕЛ. ЕНЕРГЕТСКА ИНСТАЛАЦИЈА

Целта на оваа проектна документација е дополнување на веќе постоечката енергетеска инфраструктура за објектите во ГП 1 односно дефинирање на површина за ТС и траса за приклучок на истата до веке постоечката мрежа на ЕВН. Позицијата на новопланираната трафостаница и трасата на приклучниот вод се планирани во ГП1. Мал дел од трасата до приклучокот на веќе постоечката мрежа е планиран на јавно прометна површина.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 212 м2, а должината на трасата е 36,5м1.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА 10(20)kV КАБЕЛСКИ ПРИКЛУЧЕН ВОД

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Ваквото барање е заради можноста за постоење на подземни инсталации кои не се очекувани приископот.
